| | |
|---|---|
| АФПЗРР<br>www.ipardpa.gov.mk | **АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** |

# УПАТСТВО

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПЛАН

## А. ОПШТИ НАСОКИ

Деловен план е документ кој ги презентира идните развојни трендови на една економска активност преку образложение на оперативните и финансиски цели на една деловна/економска активност со помош на планови на активности и буџети за нивна реализација. Деловниот план вообичаено се изготвува за привлекување на капитални инвестиции, за заеми или добивање на грант (неповратни парични средства) како што е случајот со користење на финансиски средства од ИПАРД Програмата 2021-2027.

1. Деловниот план се поднесува во еден оригинален примерок целосно пополнет. Доколку барателот ја користел електронската верзија за финансиска анализа (објавена на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) www.ipardpa.gov.mk и ИПАРД вебстраната www.ipard.gov.mk пожелно е да приложи и ЦД со електронската верзија на финансиската анализа.
2. Доколку барателот ја користи електронската верзија за финансиска анализа задолжително податоците во Деловниот план мора да соодветствуваат со електронската верзија која барателот ја приложува на ЦД заедно со оригиналниот примерок од Деловниот план.
3. Барателот ја нумерира, потпишува и заверува со печат секоја страница од Деловниот план (за физичките лица заверката со печат не е задолжителна).
4. Во табелите од Деловниот план можат да се додаваат дополнителни редови во зависност од потребата при изработка на Деловниот план.Доколку барателот неможе да пополни одредени податоци во содржината или во табелите кои се бараат во Деловниот план, внесува ознака „Н/П‘‘ и наративно ги објаснува причините поради кои неможе да ги пополни податоците или содржините.
5. Содржината на Деловниот план од ова упатство не е конечна односно барателот може да додаде дополнителни содржини доколку смета дека е неопходно да ја дообјасни или поткрепи инвестиционата активност и нејзините очекувани резултати. Дополнителните содржини ги наведува на крајот на наведените содржини во ова Упатство и ги означува со „Дополнение‘‘.

## Б. КОРИСНИ ДЕФИНИЦИИ

Земјоделско стопанство е економската целина под единствено управување (едно лице или повеќе, без оглед на титулата, правна форма, големина или локација) кое што врши земјоделско производство преку одгледување на добиток, живина, повеќегодишни култури, земјоделски објекти, машини, опрема и сите категории на земјоделско земјиште кое се користи целосно или делумно, за земјоделски цели и кое како такво е регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Производна единица на земјоделско стопанство е еден вид на земјоделска дејност или производна активност на земјоделското стопантсво (овоштарство или лозарство или одгледување на добиток за производство на млеко итн.) без оглед на локацијата. Специјализирано земјоделско стопанство е доколку преовладува една производна едници во приходот на земјоделското стопанство (над 50%). Мешано земјоделско стопанство е доколку приходот го формираат резултатите од повеќе производни единици. Дополнителни не-земјоделски активности на земјоделското стопанство исто така се сметаат за производна единица (обезбедување на услуги, вработување вон земјоделското стопанство итн).

Претпријатие е економска целина на производствена активност под единствено управување кое независно управува со сите неопходни функции за обавување на производната активност. Едно претпријатие може да обавува повеќе видови на производна активност и може да ја обавува производната активност на повеќе локации. Претпријатието треба да е регистрирано согласно Закон за трговски друштва или согласно Законот за задругите.

Производен капацитет е претпријатие или дел од претпријатие кое својата дејност ја обавува на една локација и кое се занимава со една претежна дејност, а било каква дополнителна дејност е од помал обем (учествува во вкупниот приход со помалку од 50%). Пример: Производен капацитет кој се занимава со одгледување на земјоделски производ и со препработка на земјоделскиот производ се сметаат за два производни капацитети.

Производна линија е механички систем во кој се состои од збир на операции организирани во фази на формирање на производ при што суровината поминува од фаза во фаза до готов производ. Во производна линија не спаѓаат капацитетите за чување и складирање на суровината и готовиот производ.

Производна активност е една фаза од производната линија (на пр. сецкање или мелење или пастеризација или замрзнување итн.).

Проект е збир на инвестиции искажани во капитални расходи или оперативни трошоци кои се наменети за достигнување на една цел.

Инвестициона активност е трошок или расход на барателот за набавка, изградба или обновување на постоечки (основни) средства (градежни објекти, машини, опрема, механизација итн.) кој на долг рок ќе придонесе кон позитивни резултати на работењето на барателот.

Опрема е основно средство за изведување на производните операции односно направи или збир од алати и делови кои имаат определена намена или се дизајнирани да служат за спроведување на одредена функција.

Машини се механики или електрични направи кои преку пренесување или модификувањӗ енергијата вршат одредени операции или пак помагаат вршење на одредени операции на работната сила.

Износ на инвестицијата е вкупниот износ на планираните инвестиции.

## В. НАСЛОВНА СТРАНА

| | |
|---|---|
| /Лого на барателот (доколку има)? | /Назив на правното лице или им и презиме на физичкото лице/<br><br>/Адреса на седиштето/живеалиштето на барателот/<br>/Контакт (телефон, факс, е-маил, веб-страна)/ |

Програма за користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2021-2027 година

ДЕЛОВЕН ПЛАН

за

/се внесува кодот и точниот назив на мерката /

Мерка

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

/се внесуваат типовите на инвестиции/

..........................................................................................................................................

Износ на планираната инвестиција

..........................................................................................................денари

Потпис / печат: ..........................................................................

Се пополнува само во случај кога Деловниот план е изготвен од трети лица или од страна на Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството (АПРЗ)

| | |
|---|---|
| Деловниот план е изготвен со поддршка од страна на. | назив на правното лице (доколку е изготвено од физичко лице овој дел не се пополнува) |
| Име и презиме на лицето или службеникот на АПРЗ кој го изготвил Деловниот план: | /Име и презиме/ |
| Потпис: | |
| Печат: | |

## СОДРЖИНА

**1. РЕЗИМЕ НА ДЕЛОВЕН ПЛАН ........................................................ 6**

**2. ПАЗАРНИ АСПЕКТИ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА .................................. 7**

2.1. Карактеристики на планираниот производ / услуга ........................................ 8

2.2. Пазар на продажба (Купувачи) ........................................................................ 8

2.3. Пазар за набавка (Добавувачи) ....................................................................... 9

**3. ОПИС НА ПЛАНИРАНАТА ИНВЕСТИЦИЈАТА............................ 10**

3.1. Избор и опис на технолошкиот процес (опис на услугата) ........................... 10

3.2. Планирани инвестиции во градежни објекти ................................................ 13

3.3. Планирани инвестиции во повеќегодишни насади ........................................ 14

3.4. Планирани инвестиции во механизација / опрема ........................................ 15

3.5. Планирани општи трошоци............................................................................. 15

3.6. Планирање на потребна работна сила ........................................................... 15

**4. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ......................... 16**

**5. АНАЛИЗА НА ЛОКАЦИЈА ............................................................. 17**

5.1. Придонес на проектот кон развој на локалната економија............................ 18

**6. ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА............................................................ 18**

6.1. Финансиска анализа на планирани трошоци.................................................. 18

6.2. Финансиска анализа на планирани приходи................................................... 21

7. ЗАКЛУЧОК.................................................................................22

# 1. РЕЗИМЕ НА ДЕЛОВЕН ПЛАН

Резимето на Деловниот план ги содржи основните податоци за планираната инвестиција. Резимето барателот го изготвува по пополнување на сите содржини од Деловниот план.

| | |
|---|---|
| Назив / Име и презиме на барателот | |
| Назив на инвестицијата | |
| Вкупна вредност на инвестицијата | |
| Критериум за успешност на инвестицијата: | |
| Нето сегашна вредност (NPV) | |
| Модификувана интерна стапка на рентабилност (MIRR) | |
| Период на враќање на инвестицијата (RP) | |

*Критериумите за успешност на инвестицијата се пополнуваат доколку барателот со помош на електронската верзија на финансиската анализа извршил пресметка на резултатите од финансиската анализа.*

## Дефиниции за критериуми за успешност на инвестицијата се следниве:

НЕТО СЕГАШНА ВРЕДНОСТ (NPV)
Нето сегашна вредност (NPV) ги искажува идните резултати од вложувањето и идните резултати од работењето во сегашни вредности. Критериум е NPV да биде позитивен број (NPV > 0).
Позитивна нето сегашна вредност покажува дека вредноста на паричниот тек е поголема од трошоците за проектот (инвестициите) и инвестицијата се смета за оддржлива.

**МОДИФИЦИРАНА** ИНТЕРНА СТАПКА НА РЕНТАБИЛНОСТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА (MIRR)
Модификуваната интерна стапка на рентабилност на инвестицијата ја претставува просечната годишна стапка на приноси од инвестицијата, земајќи ја притоа во предвид цената на чинење на вложениот капитал. Критериум е интерната стапка на рентабилност на инвестицијата да е поголема или еднаква на 0%.

ПЕРИОД НА ВРАЌАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА (RP)
Периодот на враќање на инвестицијата е очекуваниот број години, за кои се враќа вложувањето во инвестиција. Периодот на враќање не треба да биде подолг од 10 години од денот на употреба на инвестицијата.

## 2. ПАЗАРНИ АСПЕКТИ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА

*(Поглавје 2 не се пополнува кај мали инвестиции Инвестиции кои подразбираат набавка на опрема/машини во износ до 10.000 Евра како вкупен износ на инвестицијата).*

Во овој дел од Деловниот план се приложува краток опис на карактеристиките на производот/услугата поврзан со инвестицијата и краток преглед на пазарите на продажба на готовиот производ (купувачи) и за пазарите за набавка на суровини, репроматеријали и услуги (добавувачи). Доколку инвестицијата се однесува на повеќе производи или услуги се прикажуваат пазарните аспекти за сите засегнати производи / услуги. Можат да се наведат и други податоци и проценки кои што барателот ги смета за значајни за пазарниот аспект на проектот.

## 2.1. Карактеристики на планираниот производ / услуга

Во овој дел од Деловниот план треба да се опишат производот(ите)/услугата(ите) кои барателот планира да ги произведува или нуди како услуги по реализација на инвестицијата. Доколку станува збор за инвестиција поврзана со производите / услугите кои барателот ги произведува/нуди во периодот на поднесување на барањето тогаш дава приказ за тие производи и услуги за кои се однесува инвестицијата.

Исто така треба да биде анализирана и конкуренцијата на пазарот и компаративните предностите кои барателот би ги добил по спроведувањето на инвестицијата, посебно кога станува збор за примена на нови технологии кои се во насока да го подобрат квалитетот и намалат производните трошоци.

Под карактеристики на производ / услуга се подразбира следново:

x карактеристики од аспект на производни фази - суровина за друга индустрија, полупроизвод, готов производ;
x дали се работи за единствен производ, комплементарен на друг производ / услуга, супститутили за комбинација со други производи;
x дали производот се произведува со лиценца , патентни права или франшиза; x квалитет на производот и дали се произведува согласно пазарни или други меѓународнистандарди (пр. ИСО, ХАСПП, ГлобалГАП, традиционална посебност или ознака, заштитено географско потекло итн.).

## 2.2. Пазар на продажба (Купувачи)

Во овој дел се опишува каде (пример домашен или странски пазар, локален или регионален пазар) и по кој канали на продажба (трговија на мало, трговија на големо, супермаркети, директно или индиректно преку посредници итн.) планира да го продава производот / услугата по реализација на инвестицијата . Доколку се работи за Деловен план на откупен или собирен центар, за производ се смета производот кој се собира / откупува. Во однос на објаснувањето кое се однесува на количината и цена на податоците наведени во Табела 1, барателот може да користи податоци од договори и преддоговори за продажба. Во случај кога податоците за количини и цена ги црпи од постоечки договори и пред-договори за продажба и истите треба да ги наведе во делот „Дополнителни документи" во Образецот Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2021-2027, и истите да ги приложи.

Табела 2: Планиран пазар на продажба на производот/услугата поврзана со инвестицијата

| No. | Производ | | Домашен пазар | Странски пазар |
|---|---|---|---|---|

| | | Единица мерка | Количина | Цена | Количина | Цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

*Податоците од Табела 1 служат за пресеметка на вкупен планиран приход од продажба на производот/услугата на годишно ниво и треба да соодветствуваат со податоците од Табела 7а за вкупен приход. Цените од Табела 1 се изразуваат во денари.*

## 2.3. Пазар за набавка (Добавувачи)

Во овој дел се опишуваат трошоците за суровини, репроматеријали и користење на услуги поврзани со производството или услугата предмет на инвестицијата, од каде планира да ги набавува (пример домашен или странски пазар, локален или регионален пазар) и по кој канали на набавка (трговија на мало, трговија на големо, директно или индиректно преку посредници итн.) влезните суровини, репроматеријали и да користи услуги поврзани со производството/услугата по реализација на инвестицијата. Доколку се работи за Деловен план на откупен или собирен центар, за суровина се смета производот кој се собира / откупува.

Во однос на објаснувањето кое се однесува на количина и цена на податоците наведени во Табела 2, барателот може да користи податоци од договори/преддоговори за набавка. Во случај кога податоците за количини и цена ги црпи од постоечки договори / преддоговори за набавка истите треба да ги наведе во делот „Дополнителни документи'' во Образецот Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2021-2027, и истите да ги приложи.

Табела 2: Планиран пазар на набавка на суровини, репроматеријали и услуги поврзани со инвестицијата

| No. | Производ | Единица мерка | Домашен пазар | | Странски пазар | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина | Цена | Количина | Цена |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

*Податоците од Табела 2 служат за пресметка на вкупни планирани материјални трошоци на годишнониво и треба да соодветствуваат со податоците од Табела 6в за вкупни материјални и други опера-тивни трошоци. Цените од Табела 2 се изразуваат во денари.*

Само суровини / репроматеријали / услуги коишто претставуваат околу 2/3 од планираните вкупни материјални и други оперативни трошоци треба да бидат наведени во Табела 2. Планирањето на количините на набавката на суровина /

репроматеријал / услуга се заснова врз потребниот обем за постигнување на целосен производен или услужен капацитет.

# 3. ОПИС НА ПЛАНИРАНАТА ИНВЕСТИЦИЈАТА

## 3.1. Избор и опис на технолошкиот процес (опис на услугата)

Во овој дел треба да се презентира севкупна анализа на техичко-технолошките аспекти на проицводствотоприменети по спроведување на инвестицијата.

Пред се во овој општ дел на опис на инвестицијата пред да се објаснат сите детали, барателот кртако и јасно мора да ги објасни целите на планираната инвестиција:

- Постигнување на ЕУ стандарди – заштита на животната средина, благосостојба на животните, јавно здраство, заштита при работа и др;
- Зголемување на ефикасноста, можност за нови вработувања, дополнителен приход;
- Зголемен квалитет на производот/услугата за задоволување на потребите на потрошувачите на повисоко ниво.

Изборот на технолошкиот процес ќе зависи од тоа дали инвестицијата е во примарното земјоделско производство, преработувачката индустрија или за продажба на услуги.

Описот на планираната инвестиција мора да ги елаборира разликите помеѓу постоечките и планираните техичко-технолошки решенија во смисла на презентирање на компаративните предности и квантифицирање на истите.

Технолошкиот процес треба да биде последователно презентиран во сите негови стадиуми, додека проектираниот обем на производите / услугите и влезните трошоци треба да се пресметаат во однос на единица капацитет како и во однос на севкупниот инвестициски капацитет. Технолошкиот процес поврзан со инвестициите под мерка 302 "Диверзификација на економски активности во рурални средини" подразбира опис на избраниот традиционален стил на градба или традиционална архитектура како и други услови кои влијаат на пакетот на услуги или производи. Доколку планираните инвестиции се наменети за адаптација на рурални објекти за рурален туризам мора да го образложи стилот на градбата и материјали кои се планирани да се употребат за градбата и да приложи фотографија од традиционалната градба во населеното место или најблиското населено место во однос на локацијата на инвестицијата.
Во случај на инвестиции во обновливи извори на енергија, мора да се претстави споредба помеѓу годишната просечна потршувачка на барателот по месеци придружена со образложение/оправдување и просечната годишна генерирана

енергија прикажана по месеци, земајќи ги во предвид техничките спецификации на производната единица и местоположбата на нејзината инсталација.

Доколку планираната инвестиција се однесува на инсталирање и/или модернизирање на собирни центри за шуски производи барателот мора да прикаже дека неговата дејност е во согласност со Законот за шуми и соодветните подзаконски акти земајќи ја во вид групата на шумски производи дефинирани како соодветни за собирање.

Една од најважите работи во описот на инвестицијата е објаснувањето на социјалните екстерналии кои во принцип вклучуваат: x Нови вработувања, диверзификација на економските активности во руралните области, импакт на локалниот развој, заштита/зачувување на културното наследство;

x Постигнување на ЕУ стандарди – заштита на животната средина, благосостојба на животните, јавно здраство, безбедност на храна, заштита при работа и др.

Доклку со предвидената инвестиција се планира зголемување на производството во технолошката анализа мора да се елаборира дали зголемувањето на обемот на производството се должи на нова технолошка постапка со повисока продуктивност во однос на постоечката, пропратена со компаративна анализа на истите или тоа е резултат на едноставно зголемување/проширување на производните капацитети со постоечката технологија.

При описот на технологијата на производство посебно за инвестициите кои се однесуваат на преработка задолжително е процесните постапки да бидат прикажани и логично поврзани во блок дијаграм кој ќе биде графички приказ на целокупниот производен процес (пр. прием на суровина, миење и сушење, сецкање, полнење, пастеризација, пакување и етикетирање итн.).

**А) Земјоделско производство.** Технолошкиот процес на примарното земјоделско производство започнува со избор на раса, т.е. сорта во зависност од производна средина (локалитет, регион), претходно искуство во однос на користење на расата / сортата, можности за набавка на суровини / репроматеријали / услуги, биолошкиот и генетскиот производен потенцијал на избраната раса / сорта како и според сезонскиот карактер, стандардите кои се планира да се постигнат итн. Избраниот технолошкиот процес се користи за планирање на примарното земјоделско производство во обем на годишно ниво. Планираното производство се прикажува во Табела 3.

Табела 3. Планирано примарно земјоделско производство

| № | Вид на примарен производ | Ед. мерка | Големина на производен капацитет | Принос по единица капацитет | Вкупно производство |
|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г | Д = В x Г |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

1. *Во колона А се истакнуваат видовите на производи, кои барателот планира да ги произведува и кои се директно поврзани со инвестицијата за која аплицира.*
2. *Во колона В се истакнува големината на производниот капацитет (број на грла, ха површина) поврзан со инвестицијата. Површините за одгледување на печурки се искажуваат во $м^2$. Производниот капацитет (број на грла, ха површина, м2) барателот мора да го задржи во период од 5 години по последната извршена исплата од страна на АФПЗРР.*
3. *Во колоната Г се внесува планиран годишен принос по единица капацитет (кг/ха, кг/л/грло, кг/$м^2$).*

Б) **Преработка на земјоделски производи.** Технолошкиот процес на преработка на земјоделски производи започнува со избор на начин на преработка (опис на избраната технологија која се планира со инвестицијата) од што ќе зависи ефикасната искористеност на постојните капацитети или новоинсталираните за достигнување на стандардите на Европската Унија по однос на безбедност на храна и јавно здравство.

Табела 3. Планиран обем на преработка на земјоделски производи по инсталиран капацитет

| **№** | **Вид на производ** | **Ед. мерка** | **Годишен инсталиран капацитет** | **Годишно производство** | **Вид суровина/услуга по производ** | **Ед. мерка** | **Количини суровина по единица производ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **А** | **Б** | **В** | **Г** | **Д** | **Ѓ** | **Е** |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

1. *Во колона А се истакнуваат видовите на производи кои барателот планира да ги произведува и кои се директно поврзани со инвестицијата за која поднесува барање.*
2. *Во колона В се истакнува големината на годишниот инсталиран капацитет (т, л, грло на ден итн.) поврзан со инвестицијата. Годишниот инсталиран капацитет барателот мора да го задржи во период од 5 години по последната извршена исплата од страна на АФПЗРР.*
3. *Во колоната Г се внесува вкупно планирано годишно производство*
4. *Во колона Д се наведува видот на суровина /услуга поврзана со производот по норматив на производство за дадениот производ*
5. *Во колона Е се наведува потребната количина од суровина / репроматеријал / услуга за производство на единица производ. Вкупната количина на суровина / репроматеријал / услуга треба да соодветствува со податоците од Табела 2 на ова Упатство.*

В) Услуги. Доколку се работи за опис на планираната инвестиција што содржи продажба на услуги, тогаш обемот на услугата треба да биде наведен во однос на

капацитетот. Единицата капацитет треба да биде дефинирана (легло,ноќевање, оброк, работни часови за поправка и т.н.)

Табела 3. Планирано обезбедување на услуги

| № | Вид на услуга | Ед. мерка | Годишен услужен капацитет | Планирана искористеност на услужен капацитет | Трошоци за обезбедување на единица услуга |
|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г | Д |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

1. *Во колона А се опишуваат видовите на услуги кои барателот планира да ги продава и кои се директно поврзани со инвестицијата за која поднесува барање.*
2. *Во колона В се истакнува големината на планираниот годишниот услужен капацитет поврзан со инвестицијата. Планираниот годишен услужен капацитет барателот мора да го задржи во период од 5 години по последната извршена исплата од страна на АФПЗРР.*
3. *Во колоната Г се внесува вкупна планирана искористеност на годишниот услужен капацитет (на пр. 200 дена во годината итн.)*
4. *Во колона Д се наведува планираниот трошок кој е неопходен за обезбедување на единица услуга.*

## 3.2. Планирани инвестиции во градежни објекти

Во поглавје 3.2. се дава детален преглед на планираните градежни работи согласно техничката документација и спецификацијата на трошоците за градење, вклучително и поврзаните услуги од трети лица за изградба.

Доколку е можно да се даде посебен табеларен преглед за градежните работи неопходни за достигнување на стандардите на Европската Унија или за заштита на животната средина.

Објектите треба да се во сообразност со техничките стандарди кои се однесуваат на намената на објектите и предвидениот капацитет.

Доколку во инвестицијата се користат постоечки објекти, тие треба да бидат така опишани што ќе може да се определи дали ги задоволуваат стандардите кои се однесуваат на намената и капацитетот. Треба исто така да се обезбеди опис на адаптацијата (планирано обновување), доколку е така планирано со инвестицијата. Потребните објекти треба да се прикажат во табела наведувајќи ја потребната површина / волумен (табела 4).

Табела 4. Структура на градежни објекти

| № | Тип на објект | Нов/доградба (m2/m3) | Постоечки (m2/m3) | Планирано обновување (да/не) | Површина планирана за изградба /обновување (m2) |
|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г | Д |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

1. *Во колона А барателот го опишува типот на објектот кој планира да го изгради / обнови со инвестицијата.*
2. *Во колона Б се наведува големината на новиот објект во $м^2/м^3$ кој барателот планира да го изгради со инвестицијата или големината на доградбата доколку го проширува постоечкиот габарит на објектот*
3. *Во колона В се наведува големината на постоечкиот објект во $м^2/м^3$кој барателот планира да го обнови со инвестицијата*
4. *Во колона Д се наведува планираната површина за изградба / обновување во $м^2$. Доколку барателот предвидува проширување на габаритот на постоечкиот објект ја наведува и таа големина. Големината во колона Д може да е збир од колона Б и колона В или да е еднаков износ на колона Б или колона В.*

Табела 4а: Преглед на фази на градба

| Фази на градежни работи | m2 | Цена/m2 | | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | без ДДВ | со ДДВ | без ДДВ | со ДДВ |
| А | Б | В | Г | Д | Ѓ |
| Фаза 1: Назив на градба | | | | | |
| Фаза 2: Назив на градба | | | | | |
| Фаза 3: Назив на градба | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | |

## 3.3. Планирани инвестиции во повеќегодишни насади

Во поглавје 3.3. се дава детален преглед на планираните набавки на повеќегодишни насади како и работи на терен за подготовка на почвата за садење, и поврзани услуги од трети лица согласно технологијата на садење и трошоци за обновување на повеќегодишен насад.

Табела 4б: Преглед на инвестициони активности за обновување на постоечки повеќегодишни насади

| Фази на градежни работи | ха | Цена/ха | | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | без ДДВ | со ДДВ | без ДДВ | со ДДВ |
| А | Б | В | Г | Д | Ѓ |
| Фаза 1: Назив на градба | | | | | |
| Фаза 2: Назив на градба | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Фаза 3: Назив на градба | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | |

## 3.4. Планирани инвестиции во механизација / опрема

Во поглавје 3.4. се дава детален преглед на планираните инвестиции во опрема, машини и/или механизација, вклучително и компјутерска опрема и компјутерски софтвер согласно избраниот технолошки процес со цел достигнување на стандардите на Европската Унија. Во спецификацијата да се вклучат и услугите за инсталација и монтажа на опремата вклучително и компјутерскиот софтвер.

Доколку е можно да се даде посебен табеларен преглед за опремата / машините / механизацијата неопходни за достигнување на стандардите на Европската Унија или за заштита на животната средина.

Табела 4в. Преглед на потребната опрема / механизација

| № | Вид на опрема, машини, механизација | Ед. мерка | Количина | Модел | Технички капацитет |
|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г | Д |
| | | | | | |
| | | | | | |

## 3.5. Планирани општи трошоци

Во поглавје 3.5. се дава детален преглед на извршените и планираните општи трошоци за реализација на инвестиционата активност поврзани со услуги од трети лица за изготвување на деловен план, физибилити студија, геолошки истражувања, подготовка на техничка документација за градење итн.

Табела 4г. Преглед на планирани општи трошоци

| № | Вид на услуга | Ед. мерка | Цена по Единица меркла | Количина |
|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## 3.6. Планирање на потребна работна сила

Со цел обезбедување на нормално користење на планираната инвестиција, потребно е да се наведе потребниот број на вработени со соодветна квалификација. Доколку се работи за инвестиција каде што технолошкиот процес

е таков што се бара ангажирање сезонска работна сила за работи поврзани со задоволување на работниот процес, потребно е да се дефинира обемот на сезонската работна сила и посебно да го истакне планираниот период на нејзино ангажирање по месеци на годишно ниво. Доколку се користи семејна работна сила во земјоделските стопанства оваа табела не се пополнува.

Доколку планираната инвестиција се однесува на мерка 302 ''Диверзификација на економски активности во руралните средини'', барателот мора посебно да ги наведе можностите кои произлегуваат како резултат од инвестицијата за самовработување или дополнително вработување на членови на семејството или други лица.

Планираниот број на работна сила за реализација на инвестицијата се дава во табеларниот преглед:

Табела 4д. Потребна работна сила за реализација на инвестицијата

| Вид на работно место | Број на извршители | Планирана месечна бруто плата | Вкупни износи на планирани годишни бруто плати |
|---|---|---|---|
| А | Б | В | Г = Б х В х 12 |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Табела 4ѓ. Преглед на период за ангажирање на сезонска работна сила

| **Вид на работно место** | **Број на извршители /год.** | **Планиран одлив на трошоци за ангажирана сезонска работна сила по месеци на годишно ниво (искажани во денари или во %)** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **А** | **Б** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **Вк** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |

*Вредноста во колона В треба да соодветствува со вкупен износ на планирани годишни бруто плати за сезонски работници од Табела 4д.*

## 4. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ИНВЕСТИЦИЈАТА

Временскиот распоред кој се однесува на инвестицијата треба да биде прикажан во овој дел, по однос на главните активности планирани при реализација на инвестицијата. Доколку смета дека е неопходно, барателот може да даде детален временски распоред за сите активности кои се поврзани со планираната

инвестиција. Инвестиционата активност која вклучува градежни работи и инсталација на опрема може да се прикаже во две фази: x I фаза опфаќа изградба или обновување на градежните објекти; x II фаза опфаќа инсталирање на потребната опрема / машини.

Табела 5: Временски распоред на инвестиционата активност

| Активност | Датум на завршување на инвестицијата | Времетраење на активноста во месеци | Почеток на користење |
|---|---|---|---|
| А | Б | В | Г |
| I | месец/година | месеци | месец/година |
| II | месец/година | месеци | месец/година |

**Дата на почеток** на инвестиционата активност се смета од моментот на првата превземена активност за реализација на инвестицијата по склучување на Договорот со АФПЗРР.

**Дата на реализација** се смета времето кога инвестиционата активност е завршена и предметот на инвестиција е инсталиран т.е ставен во употреба.

**Времетраење на активноста во месеци** е периодот помеѓу датата на почеток и датата на реализација искажано во месеци.

**Почеток на користење** се смета временскиот период кога инвестицијата ќе стане оперативна (пр. инвестицијата за обновување на повеќегодишен насад, ќе стане оперативна во третата или четвртата година по засадувањето, опремата е оперативна по целосна инсталација и пуштање во употреба итн.)

**Вкупното времетраење на инвестиционата активност не смее да надмине 24 месеци.**

## 5. АНАЛИЗА НА ЛОКАЦИЈА

*Овој дел не се пополнува кај мали инвестиции Инвестиции кои подразбираат набавка на опрема / маши-ни во износ до 10.000 Евра како вкупен износ на инвестицијата.*

Во овој дел се опишува локацијата на деловната активност односно земјоделското производството, поврзаноста со пат и условите на патот (локален, регионален, автопат, некатегоризиран пат), одалеченост од градски центри, одалеченост од пазарите за продажба и набавка, расположливи извори на енергија, водоснабдување (вклучително и достапност на вода за наводнување) и итн.

За планирани нови инвестиции да се даде краток опис за предностите на избраната локација.

За планирани инвестиции по мерка 302 ‘’Диверзификација на руралните економски активности’’ да се опише природниот, културниот, археолошкиот потенцијал на опкружувањето или руралната средина и традиционалната посебност на локалитетот.

Особено да се наведе близината на локацијата на инвестицијата до природни заштитени зони, локалитети прогласени за културно наследство или археолошки локалитети

### 5.1. Придонес на проектот кон развој на локалната економија

Инвестицијата мора да е сообразна со стратегијата за локален економски развој на засегнатата општина каде што се планира инвестирањето. Доколку општината сеуште нема усвоено стратегијата за локален економски развој до моментот на поднесување на Барањето за користење на финансиски средства по ИПАРД Програмата 2021-2027, барателот треба во ова поглавје да ги објасни целите на инвестицијата во контекст на локалниот економски развој на односната општина каде што се планира инвестицијата.

Во дел 5.1. се дава образложение на улогата на инвестицијата за локалната економија во поглед на:

x отварање на можности за вработување за невработени лица или за социјални категории;
x промоција на локалната економија на домашен пазар и надворешни пазари; x подобрување на инфраструктурата; x придонес кон заштита на животната средина.

## 6. ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

Заради анализа на економската одржливост на барателот и проектот се врши пресметка на планиран (иден) нето готовински тек. Нето готовински тек е разликата помеѓу вкупните планиран прилив на приходи и вкупниот планиран одлив по основ на трошоци на годишно ниво.

### 6.1. Финансиска анализа на планирани трошоци

Табела 6а: Спецификација на трошоци во постоечки основни средства

| № | Постојано (основно) средство | Сегашна вредност | Трошоци за одржување % | Трошоци за осигурување % | Стапка на амортизација % |
|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г | Д |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

1. *За пополнување на колона А под постојани (основни) средства се наведуваат градежни објекти, високи пластеници, стакленици, повеќегодишен насад, основно стадо (добиток, пчели), опрема, машини, механизација, возила, компјутерска опрема и други постојани средства со корисен век на употреба подолг од 1 година и со вредност поголема од 300 евра во денарска противвредност.*
2. *Во колона Б се внесува книговодствената вредност на постојаното средство согласно последниот Заклучен лист. За физички лица се внесува проценка на сегашната вредност согласно пазарните услови за продажба.*
3. *Во колона В се внесува планираниот процентот на учество на трошокот за оддржување на постојаното средство на годишно ниво.*
4. *Во колона Г се внесува планираниот процентот на учество на трошокот за осигурување на постојаното средство доколку планира да го осигура на годишно ниво.*
5. *Во колона Д се внесува стапката на амортизација во согласност со „Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјал-ите средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки'' врз основа на Законот за добивка.*

Табела 6б: Спецификација на трошоци за планирани основни средства

| № | Планирано постојано (основно) средство | Набавна вредност | Трошоци за одржување % | Трошоци за осигурување % | Стапка на амортизација % | Планирана финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г | Д | Ѓ |
| I | Градежни објекти | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| II | Повеќегодишни насади | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| III | Опрема/механизација | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| IV | Општи трошоци | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Вкупно | | | | | |

1. *Во колона А се внесуваат планираните инвестиции согласно со Табела 4, 4а, 4б, 4в и 4г од ова Упатство.*
2. *Во колона Б се внесува набавната вредност на планираната инвестиција со ДДВ согласно Табела 4, 4а, 4б, 4в и 4г од ова Упатство.*

3. *Во колона В се внесува планираниот процент на учество на трошокот за оддржување на планираната инвестиција во однос на набавната вредност на годишно ниво.*
4. *Во колона Г се внесува планираниот процент на учество на трошокот за осигурување на планираната инвестиција во однос на набавната вредност на годишно ниво.*
5. *Во колона Д се внесува стапката на амортизација во согласност со „Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки'' врз основа на Законот за добивка. Општите трошоци се третираат како долгорочни нематеријални средства за кои се пресметува амортизација, но не се предмет на осигурување и одржување.*
6. *Во колона Ѓ се внесува износот на планираната финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2007 - 2013 чиј вкупен износ треба да соодветствува со износот наведен во Образец ''Барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2021-2027''. Доколку за некоја од ставките во колона А не се бара финансиска поддршка се пополнува со ознака „Н/П''.*

В А Ж Н О: Доколку проектот предпоставува инвестициони активности кои не се предмет на барањето за кофинансирање, а истите се неопходни за нормално функционирање на предметната инвестиција трошоците за нивна изведба исто така мора да бидат наведени во Табелата 6б.

Табела 6в: Структура на планирани материјални и други оперативни трошоци

| **Структура на планирани вкупни материјални и други трошоци** | | | | | **Б. Планиран вкупен прилив по основ на приход по месеци на годишно ниво** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Производ /услуга** | **Единица мерка** | **Коллличина** | **Единешна цена** | **Вкупно** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **Вк** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

1. *Податоците од делот А од оваа Табела се превземаат од Табела 2 од ова Упатство за внесување на материјалните трошоци. Други специфични трошоци и други оперативни трошоци се внесуваат посебно во оваа Табела. Во други специфични трошоци спаѓаат транспорт, енергија, вода, телефон и други режиски трошоци поврзани со планираната инвестиција. Во други оперативни трошоци спаѓаат административните трошоци за сметководство, маркетинг, закупнини итн. а кои се по-врзани со планираната инвестиција.*
2. *Во делот Б од оваа Табела се распоредуваат вкупните планирани трошоци по поединечна трошковна ставка на месечно ниво за период од една година на користење на планираната инвестиција. Податоците можат да се искажат во денари или да се распоредат во % од вкупната вредност насекој поединечен трошок.*

Табела 6г: План за отплата на кредит наменет за финансирање на планираната инвестиција

| | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|
| [illegible] | | | |
| | | | |
| [illegible] | | | |
| [illegible] | | | |
| [illegible] | | | |
| [illegible] | | | |
| [illegible] | | | |

## 6.2. Финансиска анализа на планирани приходи

Табела 7а: Структура на планиран вкупен приход

| **Структура на планиран вкупен приход** | | | | | **Б. Планиран вкупен прилив по основ на приход по месеци на годишно ниво** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Производ/услуга** | **Единица мерка** | **Колличина** | **Единешна цена** | **Вкупно** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **Вк** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

1. *Податоците од делот А за приходи од продажба од оваа Табела се превземаат од Табела 1 од оваУпатство. Други приходи поврзани со планираната инвестиција по основ на субвенции, приходи од продажба на нус-производи од производот доколку ги има и останати приходи.*
2. *Во делот Б од оваа Табела се распоредуваат вкупните планирани приходи по поединечна приходна ставка на месечно ниво за период од една година на користење на планираната инвестиција. Податоците можат да се искажат во денари или да се распоредат во %.*

## 7. ЗАКЛУЧОК

*Овој дел се пополнува по избор на барателот доколку сака да даде аргументи за поддршка на планираната инвестиција.*

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Информации може да се добијат на следната адреса:**

**бул. Трета Македонска Бригада бр. 20**
**Зграда на Македонија Табак блок Ц**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**Телефон:** **02/ 3097 460**

**Факс:** **02/ 3097 454**

**Е-пошта:** **ipardpa.info@ipardpa.gov.mk**

**Интернет страна:** **www.ipardpa.gov.mk**